ОПШТИНА ПРИЛЕП
Municipality of Prilep

# 100 ДЕНА
# ОПШТИНА ПРИЛЕП

*Градоначалник на општина Прилеп*
*Борче Јовчески*

*Прилеп, 2022*

prilep.gov.mk

Да се биде градоначалник на сограѓани од кои извираат идеи, конкретни решенија на проблеми и проекти кои значително ќе ги подобрат условите за живот во Прилеп, не е само предизвик, туку претставува и голема одговорност затоа што имаме иста и заедничка цел, а тоа е просперитет и напредок во сите области на нашиот град.

Мојата првична цел беше да се согледа состојбата во локалната самоуправа за да утврдиме со какви можности располагаме со цел остварување на ветеното во првите 100 дена.

Она што е воочливо и што сакаме да го потенцираме се обврските со кои ја превзедовме локалната  самоуправа. Вкупните обврски,  во кои спаѓаат тековните обврски, долгорочните обврски и обврските по договори за јавни набавки претставуваа висок износ од **292.562.164,00 денари** или околу 5 милиони евра.

Тековните обврски изнесуваа : 32.196.697,00 ден

Долгорочни обврски : 112.415.339,00 ден

Превземени обврски по јавни набавки : 147.950.128,00 ден

За жал морам да кажам дека Прилеп помина низ многу тежок период. Во изминатите четири години бевме сведоци на уништена економија, голема сиромаштија, чаршија со затворени дуќани, лоша патна инфраструктураи промаршени проекти. Запоставени и уништени зелени парковски површини, уништени дрвореди и уништени фонтани беа исто така дел од сликата која што претставуваше хаос во градот и во населените места.

Во рамките на Советот на Општина Прилеп на седницата на 29.12.2021 беше донесен Буџетот за 2022-ра година во износ од 1.408.357.000,00 денари. Со овој буџет имаме предвидено три развојни програми и тоа: Реконструкција на ул. „Борка Талески“ во износ од 25.539.000,00 денари која претставува последен крак за реконструкција од плоштадот „Методија Андонов-Ченто“; Изградба на главен доводен цевковод во с.Канатларци во износ од 11.637.000,00 денари; Доизградба на детска градинка во населба Точила во износ од 44.497.000,00 денари.

Во периодот од 27 октомври 2021 година до 31 јануари 2022 реализирани се приходи во износ од 106.989.143,00 денари а расходите за истиот временски период изнесуваат 109.054.775,00 денари. За исплата на обврските приходовани се средства од депозитот на буџетската сметка во износ од 2.065.632,00 денари.

Структурата на исплатените обврски изгледа вака :

Плати и надоместоци: 16.183.391,00 ден.

Резерви и недефинирани расходи: 1.129.600,00 ден.

Стоки и услуги: 31.324.354,00 ден.

Субвенции и трансфери: 31.715.376,00, ден.

Социјални трансфери: 555.000,00 ден.

Во делот на капитални расходи потрошени се 28.242.106,00 денари.

Од реализираните капитални расходи исплатени се 20.864.943,00 денари за изградба реконструкција на улици и локални патишта, за реконструкција на градскиот стадион и изградба на капацитети во енергетиката исплатени се 3.059.163,00 денари, и капитални субвенции кон Јавните комунални претпријатија – 4.345.000,00.

Во овој период исплатени се побарувања по однос на претходни тужби во износ од 9.465.686,00 денари од кои кон доверителот Стентон градба ДОО Битола за мостот на улицата Трајко Николоски во износ од 6.621.686,00 денари, кон доверители вработени од ТППЕ-Прилеп, исплатени се 2.465.235,00 денари и исплатени штети кон граѓани по однос на каснувања од кучиња-скитници и исплати на штети по основ на неодржување на улици во зимски услови исплатени се 379.437,00 денари.

И покрај погоре наведените исплати на превземени обврски од претходен период, вкупните обврски по книговодствена евиденција на 31.12.2021 изнесуваат 55.905.000,00 денари.

Општинската зграда ја отворивме за сите граѓани, воведовме ден за „Средби на граѓаните со градоначалникот“ со цел што побрзо и поефикасно надминување и решавање на нивните проблеми со кои што институционално се среќаваат, а исто така и разгледувањена нивните идеи (проекти) кои што ни ги претставуваат за подобар и поубав Прилеп за сите граѓани и се разбира да ги прифатиме и реализираме сите оние кои што можеме во рамките на ингеренциите како локална власт.

Седниците на Советот на Општина Прилеп претходно беа од затворен тип освен за акредитираните медиуми и гости. Сега ја потенцираме разликата со тоа што од 29.12.2021 година, седниците на Советот на Општина Прилеп веќе се од отворен карактер, обезбедена е опрема за техничка реализација

(пренос во живо на седниците на Советот на каналот на Општина Прилеп на Youtube) и секој може да ја следи работата на Советот и активноста на избраните советници. Со одлуката која беше дел и од изборната ветена програма на ВМРО-ДПМНЕ ја доближуваме Општина Прилеп до секој прилепчанец, и даваме до знаење на целокупната јавност дека ќе бидеме максимално транспарентна локална власт.

Исто така се реактивираше работата на Економскиот совет на Општина Прилеп, нешто што претставуваше дел од предизборните ветувања во делот на локалниот економски развој. Економскиот совет со сигурност во иднина ќе претставува симбиоза на нашето стопанство, со општината, јавниот сектор, чаршијата и здруженијата на граѓани. Целта е да се решаваат проблемите и да се разменуваат идеи за побрз економски развој на Општината.

- Почнувајќи од 01. Јануари 2022 година воведовме и еднократна финансиска помош за секое новоредно дете во општина Прилеп, ова претставува нов проект и голема помош за сите прилепчани. Преку субвенционирање на семејствата со доделување на еднократна парична помош од 6.000 денари материјално ќе се помогне во покривање на дел од првичните трошоци на семејствата за обезбедување на соодветни услови за новородените деца.Исто така ќе влијае и на поттикнување на наталитетот а со тоа и зголемување на природниот прираст во општината. За реализација на Програмата во Буџетотза 2022 година се предвидени средства во висина од 3.600.000,00 денари.

Во соработка со  сите јавни комунални претпријатија и сите надлежни сектори од локалната самоуправа ,онолку колку што ни дозволија временските услови во овој дел од годината, успеавме да сработиме и повеќе одтоа што го имавме предвидено и ветено за првите 100 дена.

Поради временските услови и заштита од мрзнење фонтаните се конзервирани од месец ноември 2021 година.

Направен е увид на истите, набавени се и инсталирани дел од потребните делови кои не беа во функција, а за останатите делови и материјали кои се потребни за нормално функционирање на постојните фонтани предвидени се средства и ќе бидат инсталирани и ставени во функција со подобрување на временските услови, односно во текот на месец април.




Исто така, извршен е увид и на Партерната фонтана пред НУЦК „Марко Цепенков“, каде што констатирано е дека дел од електрониката не е исправна. Направена е спецификација на потребниот материјал и планирани се средства за нивна набавка.

Извршен е увид на бунарските постројки: Кишојца – Орушица, Бегова Ливада и Кошарка, со што е констатирано дека од вкупно 26 бунари, неколку не се во функција. Направена е

спецификација за потребниот материјал, пристапено е кон негова набавка и ќе се изврши нивна санација. Бунарските постројки со целосен капацитет ќе бидат спремни за да се вклучат, доколку се појави потреба.

Градските фонтани на локациите низ градот, односно трите фонтани кај населбата Димо Наредникот, како и езерото во населбата Ѓогдере беа затекнати во многу лоша состојба, односно беа целосно засипани и надвор од функција.

ЈКП Водовод и канализација – Прилеп во соработка со ЈКП Комуналец, направија анализи на затекнатата состојба. Според добиените податоците утврдено е дека за ставање во функција на фонтаните односно враќање во првобитна состојба е речиси невозможно.

Инвестицијата за враќање во првобитната состојба на фонтаните би била доволна за изградба на нови фонтани.

Општина Прилеп продолжи со реализација на проектот за „Реконструкција на главен довод од Пашоски ливади до собирна шахта за град Прилеп”.

Извршено е последното тестирање на новиот цевковод со дијаметар DN300. На последното тестирање, цевководот беше тестиран со вода, со притисок од 9 бари со што ги задоволи потребните параметри за издржливост на цевководот.




Под одржување на канализациониот систем на град Прилеп се подразбира: следење, унапредување на развојот и одржувањето на изградениот фекален и атмосферски канализациски систем на подрачјето на град Прилеп.

Во изминатиов период, екипите на канализација излегоја на терен и извршија нивелирање на сливни решетки и замена на канализациони капаци на следните локации :

Ул.Војводинска -2 парчиња

- Ул.Киро Пајмакоски- 2 пачиња
- Ул.Браќа Ламески- 3 парчиња
- Ул. Прохор Пчински – 2 парчиња
- Ул. Круме Волнароски -1 парче
- Ул.Александар Македонски – 2 парчиња
- Ул.Јоска Јорданоски – 4 парчиња

- Ул.Егејска – 2 парчиња
- Ул.Браќа Ламески – 7 парчиња
- Ул.Киро Пајмакоски – 4 парчиња
- Ул.Андон Слабејко – 3 парчиња
- Ул. Павел Шатев – 1 парче




Најголемо внимание ЈКП,,Комуналец,, - Прилеп, во координација со локалната самоуправа, посвети на чистење на дивите депонии. И покрај тоа што временските услови не ни овозможија непречена работа, сепак успеавме да исчистиме над 1240 м3 мешан комунален отпад и градежен шут од следниве локации:

**ОПШТИНА ПРИЛЕП**

**Municipality of Prilep**

- **Чистење на дива депонија на патот за езеро – 60м3**



- **Чистење на неколку диви депонии од подвозникот кај Салида до БС Лук Оил – 600м3**



**prilep.gov.mk**

**ОПШТИНА ПРИЛЕП**

**Municipality of Prilep**

- **Чистење дива депонија на обиколен пат Жито Прилеп до Варош – 120м3**



- **Чистење на дива депонија на Песјобрдце на патот за Мажучиште – 80м3**



**prilep.gov.mk**

ОПШТИНА ПРИЛЕП
Municipality of Prilep

**Чистење на повеќе диви депонии на потегот од магацините на „Кожувчанка“ До Склештен мост во викенд населбата Маркова Чешма па се до Магистралниот пат за Плетвар.**
**300 м3**






prilep.gov.mk

ОПШТИНА ПРИЛЕП
Municipality of Prilep

## Чистење на запоставени јавни површини и простори

- Комуналците направија генералка на со години запоставената и неисчистена патека и скалишниот простор кои покрај Градскиот фудбалски стадион водат до Градската болница.

- Со затоплувањето на времето беше исчистена и површината по локалниот пат кај индустриската зона „Металец“ почнувајќи од мебел „Анита“.






prilep.gov.mk




Најавуваме изградба на нови парковски површини и детски игралишта во повеќе населби и маала низ градот. За 2022 година планирано е да се изградат 4000 м2 парковски површини во градов и населените места, како и обновување на постојните паркови.

Локалната самоуправа и ЈКП,, Комуналец“ - Прилеп, водат посебна грижа за обновување на зеленилото во сите населби, и правилно и навремено одржување на постојните тротоарски и парковски дрвја, со нивно редовно кастрење и полевање, а за 2022 година планирано е да се засадат 3000 садници.

Засадивме дрва од видот црвен даб, јавор и бела бреза на потегот позади споменикот Жена борец, во паркот шума на Могилата.
Со оглед на тоа што поголемиот дел од дрвјата на Могилата застаруваат, потребно е нивно обновување, но и зголемување на зеленилото. За пролетва, планирани се нови рекреативни и забавни содржини во овој парк, како и збогатување на хортикултурата.




Континуирано во соработка со ЈКП ,,Комуналец“ - Прилеп, вложуваме во доизградба и опремување во Стационарот за бездомни кучиња. Таму се изврши оградување на просторот и изолирање на корисната површина за престој на заловените кучиња скитници.

**Во периодот од 01.12.2021 до 31.01.2022 година или точно два месеци во јавното претпријатие за просторно и урбанистичко планирање, откако извршивме промена на раководителот направено е следното:**

- Постигната е релативна финансиска стабилност преку репрограмирање на долг од околу 25.000.000 денари, (во моментот на превземање неговата задолженост беше преку 65% во однос на предвидениот буџет за 2022 година),

- Во текот на овие два месеци кон вработените се исплатени две плати и два регреси – целосниот регрес за 2020 година кој не беше исплатен ланската година, како и 60 % од регресот за 2021 година. Во март се планира исплата и на останатиот дел од регресот за 2021 година со што сите обврски спрема вработените ќе бидат подмирени.

- Исплатени се сите тужби кон вработените ,
- На почеток се активностите околу поставување на современ паркинг (паркингот позади Леоне во центарот на градот) со поставување на рампи, семафор и модерна наплата на паркинг услугата.
- За прв пат од постоењето, ова претпријатие се наоѓа во фаза на пуштање на приградска линија за превоз на патници до населените места: Лагово, Беровци, Алинци, Тополчани, Ерековци, Канатларци и Подмол, (два пати дневно – наутро и на пладне, со интенција во летниот период да биде и на вечер). Добиена е согласност од Советот за трасата на движење и се чека на наредна седница потврдување на ценовникот за патниците.




Работните активности со асфалтирање на улиците ќе ги продолжиме веднаш штом ќе дозволат временските услови.

Во склоп на тековните работни активности се санираа ударни дупки, прокопи и други работи на улици и патишта.

Досега се асфалтирани 220м2 ударни дупки и прокопи .

# ИДНИ ПРОЕКТИ



Во следниве неколку месеци интензивно започнуваме со реализација на повеќе клучни проекти за Прилеп и за сите наши сограѓани со кои што ќе ги најавиме промените кои што ќе следат.

ОПШТИНА ПРИЛЕП
Municipality of Prilep

➢ **Реконструкција на Плоштадот „Методија Андонов-Ченто“ на потегот од споменикот „Пеце Атанасоски“ до ООУ„Кочо Рацин“ со површина од 2800 м2 која треба да започне во втората половина на месец март.**



prilep.gov.mk

ОПШТИНА ПРИЛЕП
Municipality of Prilep



prilep.gov.mk

ОПШТИНА ПРИЛЕП

Municipality of Prilep



prilep.gov.mk

ОПШТИНА ПРИЛЕП

Municipality of Prilep

**Комплетна реконструкција на влезот на градот во правец Крушево – Прилеп, односно улица "Леце Котески" која покрај постоечките сообраќајни ленти опфаќа и дополнителни пешачки и велосипедски патеки со предвидена должина од 2130 метри.**



prilep.gov.mk

ОПШТИНА ПРИЛЕП

Municipality of Prilep



prilep.gov.mk

ОПШТИНА ПРИЛЕП

Municipality of Prilep

## Вградување на завршен слој на асфалт на улиците во индустриска зона "Металец“

- На овој начин ќе се овозможи уредување на нови парцели за изградба на нови објекти, но што ќе се овозможи повисок економски развој и отварање на нови работни места.



prilep.gov.mk

**ОПШТИНА ПРИЛЕП**
**Municipality of Prilep**

➢Изградба на катна гаража помеѓу зградата на Поштата и Општинската зграда со капацитет од 76 возила.



prilep.gov.mk

**ОПШТИНА ПРИЛЕП**
**Municipality of Prilep**



prilep.gov.mk

ОПШТИНА ПРИЛЕП
Municipality of Prilep



prilep.gov.mk

ОПШТИНА ПРИЛЕП
Municipality of Prilep

➢Партерно уредување со паркови и зеленила во населба Точила околу К-зградите каде што жителите од оваа населба ќе можат да се рекреираат.



prilep.gov.mk

ОПШТИНА ПРИЛЕП
Municipality of Prilep

➢Доизградба на детската градинка во населба Точила со капацитет од 250 деца.





prilep.gov.mk

ОПШТИНА ПРИЛЕП
Municipality of Prilep

➢Изградба на монтажна катна гаража со капацитет од 74 возила, на ул. Илка Присаѓанка (позади Леоне)



prilep.gov.mk





ОПШТИНА ПРИЛЕП
Municipality of Prilep

➢Изградба на парк до црквата Св.Петка во населбата Точила.




prilep.gov.mk

Овие 100 денови се нормалносамо почеток. Континуитетот на работа ќе го продолжиме и засилиме со реализација на сите проекти кои што ги ветивме пред прилепчани: Инфраструктурни, локален економски развој, животна средина, комунална и водоводна мрежа, земјоделие, образование, спорт, култура како и во делот на социјална и здравствена заштита. Во сите овие сфери имаме детално разработени и остварливи проекти кои што плански и етапно заедно со Вас граѓаните ќе ги реализираме во текот на мојот мандат.

Лошиот терен кој што ни беше оставен од претходната власт како и секојдневното соочување со здравствената и енергетската криза, во која што се наоѓаме можеби малку ни ги отежна овие три месеци. Но тоа не’ прави секогаш посилни и похрабри да продолжиме заедно напред во исполнување на зацртаните цели. Карневалите, фестивалите и сите останати културни и спортски настани кои одсекогаш претставувале препознатлив знак на градот Прилеп повторно од оваа година ќе блеснат во сиот свој сјај.

Отчетноста и транспарентноста на нашата локална самоуправа како кон граѓаните така и кон медиумите ветувам дека ќе биде пракса во текот на целиот мандат затоа што локалната демократија е многу важна за  функционирањето на една локална самоуправа.Создаваме нова иднина со промени и проекти, и ветуваме дека Прилеп повторно ќе биде гордост на сите Прилепчани.